РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ**
**НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР – СКОПЈЕ**

# УПАТСТВО

**ЗА ЗАВЕРКА НА ЗИМСКИ СЕМЕСТАР И ЗАПИШУВАЊЕ**
**НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2024/25 ГОДИНА**
**– ЗА СТУДЕНТИТЕ ЗАПИШАНИ ВО ПРВА ГОДИНА –**

За заверка на зимскиот и за запишување на летниот семестар во учебната 2024/25 година, потребно е најпрво студентот да се најави на iKnow системот и да изврши електронско запишување на вториот (летен) семестар 2024/25.

По најавување во iKnow системот, треба да се избере опцијата „Запишани семестри“ и со копчето „Внеси“ да се избере летен семестар 2024/25.

По изборот на семестарот, се избира табот „Предмети“, каде што треба да се изберат предмети кои ќе се слушаат во семестарот. Изборот на предмети се врши во согласност со студиската програма која што е објавена на веб страницата:

http://www.fdtme.ukim.edu.mk/studii

Потребно е да се изберат четирите задолжителни предмети и еден изборен предмет за соодветната насока. Откако ќе се изберат предметите, треба да се притисне копчето „ЗАПИШИ ПРЕДМЕТИ“. Истите предмети се запишуваат и во индексот.

Откако ќе се заврши со постапката за електронско запишување на семестарот, **потребно е да се достават потребните документи во Одделението за студентски прашања, во периодот од 12-14.02.2025 година.**

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАВЕРКА И ЗАПИШУВАЊЕ НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2024/25 (за студенти во прва година):

1. ИНДЕКС
2. Уплатница (Образец ПП50) за уплатени 100 денари за трошоци за запишување и заверување на семестар:

    **Цел на дознака:** Запишување и заверка на прв семестар
    **Назив на примач:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
    **Банка на примач:** НБРМ
    **Сметка:** 100000000063095
    **Износ:** 100 ден.
    **Сметка на буџетски корисник:** 1600103689 788 18
    **Приходна шифра: 723019 41.**

3. Уплатница (Образец ПП50)

- за уплатени **100 EUR** (6.150 ден.), со цел на дознака - *Втора рата од надоместокот за студирање*, на сметката на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер (за студенти кои се запишани во државна квота)
- за уплатени **200 EUR** (12.300 ден.), со цел на дознака - *Втора рата од надоместокот за студирање*, на сметката на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер (за студенти кои се запишани во квота со кофинансирање на студирање и за вонредните студенти)

Уплатата се врши на **образец ПП 50** и ги содржи следните податоци:
**Цел на дознака**: Надомест за студирање - II рата
**Назив на примачот**: Буџет на РМ, ФДТМЕ - Скопје
**Банка на примачот**: НБРМ
**Жиро сметка**: 100000000063095
**Износ: 6.150/12.300 ден.**
**Сметка на буџетски корисник**: 1600161654–788–11
**Приходна шифра и програма**: 723012 41

---

**ПРИ ЗАВЕРКАТА НА ЗИМСКИОТ И ЗАПИШУВАЊЕТО НА ЛЕТНИОТ СЕМЕСТАР СТУДЕНТИТЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА ИМААТ ПОТВРДА ВО ИНДЕКСОТ ЗА ИЗВРШЕН СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕД.**

**ДОКУМЕНТИТЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА СЕ ДОСТАВАТ ВО ПРЕДВИДЕНИТЕ ТЕРМИНИ. ПО ТИЕ ТЕРМИНИ МОЖАТ ДА СЕ ДОСТАВУВААТ САМО ДОПОЛНИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ КОИ ШТО НЕДОСТАСУВААТ.**

---

**Согласно Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024) и Одлуката бр. 02-306/2-XIV-4 од 29.8.2024 год. за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Факултетот:**

- **ЗАПИШУВАЊЕТО БЕЗ КАЗНА ЌЕ СЕ ВРШИ ДО 26.02.2025 ГОДИНА. СТУДЕНТИТЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА ГИ ДОСТАВАТ ДОКУМЕНТИТЕ ВО ПРЕДВИДЕНИТЕ ТЕРМИНИ, А ДО 26.02.2025 МОЖАТ САМО ДОПОЛНИТЕЛНО ДА ДОСТАВУВААТ ДОКУМЕНТИ ШТО НЕДОСТАСУВААТ ИЛИ СЕ НЕИСПРАВНИ.**
- **ЗАПИШУВАЊЕТО НА СЕМЕСТАРОТ ОД 27.02.2025 ДО 14.03.2025 ГОДИНА ЌЕ СЕ ВРШИ СО НАДОМЕСТ ОД 1500 ДЕНАРИ.**
- **ЗАПИШУВАЊЕТО НА СЕМЕСТАРОТ ПО 14.03.2025 ГОДИНА МОЖЕ ДА СЕ ВРШИ ВО ИСКЛУЧИТЕЛНИ СЛУЧАИ ПО ПОДНЕСЕНО И ОБРАЗЛОЖЕНО БАРАЊЕ ОД СТУДЕНТОТ СО НАДОМЕСТ ОД 1500 ДЕНАРИ.**

---

04.02.2025 г.

ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА
МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР – СКОПЈЕ